# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО - ОПШТ ДЕЛ” (СКРИПТА) ОД АВТОРИТЕ М-Р МАРИЈА АМПОВСКА И Д-Р ВОЈО БЕЛОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1120 - 43/22 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– редовен професор Осман Кадриу, Факултет за правни науки, ФОН универзитет;
– вонреден професор Љупчо Блажевски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО - ОПШТ ДЕЛ (СКРИПТА)” од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот **„Облигационо право – општ дел (скрипта)”** од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски претставува заокружена целина конципирана согласно со актуелната Наставна програма по предметот Облигационо право и е наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Предметот Облигационо право се изучува како задолжителен предмет во четврт семестар со неделен фонд на часови (3+2+2). Содржината на ракописот (скриптата) е компатабилна и сеопфатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ги задоволува потребите на студентите да ги добијат потребните знаења.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот е пишуван во А4 формат, употребен е фонт Arial и големина на фонт 12, нормален проред, со вкупна содржина од 95 страници и вкупно 33 библиографски единици во рамки на користената литература кои претставуваат релевантна домашна и странска правна литература од областа на облигационото право и 166 фусноти. Врз основа на ова, рецензентите сметаат дека обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во однос на начинот на организирање на материјалот во скриптата може да се констатира дека авторите добро ја структурирале содржината и идејната поставеност на трудот. Тоа е направено во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување. Сите концептуални делови на трудот се правилно и логички подредени и при изработката на скриптата е употребен логичен и стручен пристап. Јазикот на авторите е читлив и јасно разбирлив, а користената литература е коректно цитирана или посочена.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Во поглед на ракописи (скрипти) со сличен или ист наслов, ние како рецензенти немаме сознанија дали е објавен ист или сличен ракопис (скрипта), но постојат универзитетски учебници со сличен назив кои ја покриваат наставната материја по предметот Облигационо право.

***Краток опис на содржината***

Ракописот „Облигационо право - општ дел“ е систематизиран и структуриран во три дела, кои се поделени на глави, а секоја глава содржи одреден број на наслови. Структурата на ракописот е следна.

Прв дел насловен како *Поим, извори и начела на облигационото право* и содржи три глави. Во првата глава се определува поимот на облигационото право како субјективно право, објективно право и како правна наука и се елаборира односот на облигационото право со останатите гранки на правото, при што посебно е изделен од другите граѓанско-правни гранки, стварното право, наследното право и трговското право. Во втората глава од овој дел се претставени изворите на облигационото право и авторите посебно зборуваат за Уставот, законот, правилата на општествената заедница, општите услови, обичајот, моралот и меѓународното право и нивното значење како извори на облигционото право. Последната, трета глава од првиот дел ги обработува начелата на облигационото право, каде што авторите посебно се задржуваат на елаборирање и претставување на значењето на следниве начела за облигационото право: начело на слободно уредување на облигационите односи, начело на еднаквост и рамноправност, начело на еквивалентност, начело на забрана на злоупотреба на правото, начело на совесност и чесност, начело на справедливост и начелото на забрана за предизвикување на штета.

Вториот дел од ракописот е насловен како *Општо учење за облигационите односи* и структурно е составен од четири глави. Во првата глава авторите зборуваат за поим, карактеристики и видови на облигациони односи. Во оваа глава најпрво се дава една генеза на поимот облигационо право и определување на значењето што овој поим го има денеска во правната теорија. Потоа авторите ги определуваат карактеристиките на облигациониот однос, при што зборуваат за облигациониот однос како правен однос, со релативен карактер, помеѓу точно определени лица, што за предмет има определено дејствие и има имотен карактер. На крајот од оваа глава, авторите претставуваат една класификација на облигационите односи, при што поаѓаат од следниве критериуми: начинот на нивна заштита, степенот на правна уреденост, според правниот факт, според страните на односот, според видот на дејствието и според содржината на облигационите односи. Втората глава од овој дел се однесува на настанувањето на облигационите односи, каде што авторите зборуваат за три општи услови, односно за страни, предмет и правен факт кои кумулативно треба да постојат за да настане облигационен однос. Третата глава од овој дел се однесува на содржината, дејството и промените во облигационите односи. Содржината на облигационите односи авторите ја објаснуваат преку приказ на монистичката и дуалистичката концепција, додека кај промената на облигационите односи посебно ја разгледуваат промена на страните, промена на предметот и промена на содржината, кои можат да се случат посебно, но не е исклучена можноста истовремено да настанат сите промени. Посебно се разработени цесијата, преземањето на долг, преземањето на исполнување туѓ долг и пристапувањето кон долг како посебни начини за промена на страните. Во рамки на промена на содржината авторите зборуваат за повреда од страните на односот, согласност на страните, еднострана согласност, закон и судска одлука како начини за промена на содржината на облигациониот однос. Четвртата глава се однесува на престанување на облигационите односи и тука посебно се обработени исполнувањето, пребивањето, новацијата, отпуштањето на долг, соединувањето, неможноста за исполнување, истекот на време или отказ, смртта на страните и дејството на застареноста.

Третиот дел е насловен како *Видови облигациони односи* и содржи три глави. Во првата глава се зборува за облигационите договори и тоа најпрво за поимот на договор и за принципот на слобода на договарање, а потоа авторите ги обработуваат општите услови за настанување на договорите. Во овој дел посебно збуруваат за а) постоење на деловна способност на договорните страни, б) согласност на волјите, в) предмет на договорот, г) кауза или основа на договорот. Освен овие основи четири општи услови за настанување на договорот, во одредени случаи, како што истакнуваат авторите, како дополнителен услов може да се јави и формата на договорите, како и условот и рокот како можни дополнителни услови. Во рамките на оваа глава, авторите во посебни точки ги обработуваат и прашањата за толкување на договорите и за дејство на договорите, критериуми за поделба на договорите,

начините на престанок на договорите и на крајот претставуваат една класификација на договорите, истовремено напоменувајќи дека посебните видови на договори, како и нивните модификации кои се предмет на изучување и на предметот Договорно право, во ова учебно помагало нема посебно да бидат обработени преку нивните карактеристики, што содржински соодветствува и со насловот на ракописот „Облигационо право - општ дел". Глава втора од овој дел се однесува на облигациони односи настанати со причинување на штета и во нејзини рамки авторите најпрво го обработуваат прашањето за страни кај овие облигациони односи, посебно разработувајќи ги поимите штетник и оштетен преку една теоретска анализа и практичен приказ на нивното значење во законските одредби. Како втора точка од оваа глава се општите услови за настанување на облигациони односи со причинување штета, каде што авторите продлабочено зборуваат за штета, штетно дејствие и каузалитет. Покрај страните и општите услови, за конечно настанување на кој било конкретен облигационен однос со причинување штета потребно е да постои барем уште еден т.н. посебен услов. Како посебни услови се јавуваат: вината - субјективна одговорност; ризикот произлезен од опасна ствар или опасна дејност - објективна одговорност; повреда на постојна обврска од облигационен однос, најчесто договор - договорна одговорност; деликтна неспособност на штетникот - одговорност за друг и причинување на штета на трето лице од страна на работник или орган на правно лице. Посебно внимание авторите посветуваат на видовите одговорност каде што најпрво се зборува за субјективната одговорност, претставувајќи ја во историски контекст и поткрепувајќи ја со разработка на поимот на вина и видовите на вина. Понатаму, авторите зборуваат за објективната одговорност, лоцирајќи ја нејзината појава во правната теорија и правната практика и посебно се задржуваат на најприфатена теорија на создаден ризик, создадена во француската правна мисла, односно теоријата според која опасните ствари и опасните дејности од една страна донесуваат корист, но од друга страна претставуваат постојана закана од причинување штета некому. Поради тоа оној што го создава ризикот за настанување на одредена штетна последица ќе биде должен и да ја отстрани истата доколку настане. Понатаму се разработува договорната одговорноста, одговорноста за друг и одговорност на правно лице и на неговите органи за штета причинета на трето лице. Последната точка е посветана на надомест на штета, при што посебно се разработуваат надоместот на материјалната и надоместот  на нематеријална штета. И на крајот, третата глава е насловена како останати облигациони односи каде што се разработени стекнувањето без основа, работоводството без налог и едностраните изјави на волја како посебни видови на облигациони односи.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на детално анализирање на содржината на овој ракопис и согласно со гореизнесените констатации, сметаме дека ракописот со наслов „Облигационо право - општ дел" претставува сеопфатна целина на содржини поврзани со облигационото право насочени кон совладување на општото учење за облигациите, како и воведување во основите на договорното и отштетното право, што треба да претставува една база што ќе се постави со овој ракопис за натамошно надградување на знаењето на студентите на полето на договорното и отштетното право, но и примена на знаењата и во останатите предметни дисциплини.

Концизната, систематски јасно и точно претставена и теоретски поткрепена разработка на основните институти на општото учење за облигационото право сметаме дека ќе им биде од корист не само на студентите од прв и втор циклус студии, туку и на пошироката научна и стручна јавност.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет Гоце Делчев – Штип му предлагаме учебното помагало (скрипта) со наслов **„Облигационо право -општ дел"** од авторите м-р Марија Амповска и д-р Војо Беловски да биде одобрена за издавање во форма на рецензирана електронска интерна скрипта во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Осман Кадриу, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Блажевски, с.р.**